**ЗАПИСНИК**
од Четврта форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 02.12.2024**, Место:** Офицерски Дом, Битола **Час:** 11:00-13:30
**Присутни граѓани:** Вкупно: 24
Мажи: 13 Жени: 11
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Стефани Најденовска Димовска, Катерина Ѓорѓиевска, Зоран Здравески;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

Добредојде, дневен ред и цели на Четврта форумска сесија
Усвојување на Записник од Трета форумска сесија
Извештај на Општината за резултатите од Форумскиот процес

Презентација на сработеното на работната група, дискусија и усвојување на предлози

Презентирање на повратни информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија

Претставување на начинот на гласање

Приоретизирање на:
- Програми
- Проекти

Носење на формални одлуки
Давање на формални препораки, согласени во Форумот

Утврдување на следни чекори

Оценка на Форумската сесија

**Тек и содржина на сесијата**
*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Четвртата форумска сесија се реализираше според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на сесијата. Пред Форумот да продолжи со работа, присутните учесници го разгледаа Записникот од Третата форумска сесија.

Во продолжение на сесијата од страна на модераторот и вработените во Општина Битола, беше презентиран сумиран извештај од текот, организацијата и резултатите на Форумскиот процес, вклучително и најважните статистички показатели, степенот на реализација на очекуваните цели и научените лекции од самиот процес. Потоа, од страна на модераторот а во името на работната група и оперативната група беше извршена презентација на сработеното на работната група помеѓу Трета и Четврта сесија а потоа од страна на присутните беше отворена и дискусија.

Модераторот ги презентираше пред присутните повратните информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија.

Во вториот дел од сесијата, од страна на модераторот беше извршено детално претставување на начинот на гласање. Откако беше утврдено дека сите административни предуслови се исполнети (две ливчиња на секоја маса со програми за приоретизација и две ливчиња на секоја маса со сите проекти) Форумот премина на гласање за приоретизирање на:
- Програми и
- Проекти.

По завршувањето на гласањето, Форумот ги приоретизираше програмите и проектите на следниот начин:

**Програми:**
1. Програма за уредување на градежно земјиште,
2. Програма за локален економски развој,
3. Програма за развојни планови,
4. Програма за активности во областа на спортот и младите,
5. Програма за заштита на животната средина и природа,
6. Програма за социјална заштита,
7. Програма за култура.

**Проекти:**
1. **Инфраструктурни активности во руралните средни на Општина Битола:**
   - изградба на спортска сала во село Долно Оризари,
   - асфалтирање на улици во село Долно Оризари,
   - изградба на канализација во село Логоварди и регулирање на речно корито,
   - реконструкција на патна инфраструктура во село Братиндол,
   - реконструкција на патна и водоводна инфраструктура во село Кравари,
   - уредување на парк во село Породин,
   - санација на јавен објект- карабина со намена образование во Буковски Ливади.

2. **Инфраструктурни активности во урбаниот дел на Општина Битола:**
   - Реконструкција на парк кај училиште Стив Наумов,
   - Реконструкција на улица Цар Самоил (од Цане Бакалот до Џамија),
   - Урбанизирање на детско игралиште помеѓу улици Боривоје Радосављевиќ и Ристо Кавалиновски со потребна опрема за деца,
   - Реконструкција на улица Кирил Пејчиновиќ,
   - Изградба на игралиште во Обласста,
   - Асфалтирање на паркинг наспроти ОУ Климент Охридски,
   - Чистење на коритото на река Драгор.

3. **Активности за зголемување на безбедноста на сообраќајот во Општина Битола:**
   - Поставување на спуштени тротоари при изградба на новата јавна инфраструктура во општината,
   - Поставување на семафори на поголемите крстосници низ урбаниот дел на Општина Битола,
   - Ослободување на тротоарите низ урбаниот дел на Битола за поголем проток на пешаци,

- Изградба на пешачки премини во урбана заедница Вељко Влаховиќ на крстосница кај сервис Чеде и кај аптека Еурофарм,
- Поставување на опрема за намалување на брзината на возилата на улица Ченто и Павел Шатев,
- Изградба на пешачки премини во урбана заедница Јонче Мурџевски,
- Поставување на опрема за регулирање на брзината на сообраќајот на улица Солунска,
- Поставување на опрема за регулирање на брзината на сообраќајот на ул. 4-ти ноември пред крстосницата со ул. Бранко Радичевиќ,
- Санација на стари дрва на улица Солунска.

4. **Изградба на градинка во поранешна Касарна.**
5. **Изградба на игралишта за рекреативен спорт.**
6. **Активности за одржување на бајк парк и натпревари во downhill и uphill – Смолево и Пелистер.**
7. **Поставување на зимско лизгалиште.**

Пред последната фаза од сесијата, Форумот ја потврди и листата со препораки и ја задолжи Оперативната Група истата заедно со материјалите од Форумот да ја предаде на Градоначалникот односно Советот на Општина Битола.

Форумот заврши со евалуација на сесијата, формирање на работна група за следење на одлуките на Форумот.

*Заклучоци и препораки*

**Како препораки до Градоначалникот и Советот на Општина Битола да се дадат:**

- Зголемување на буџетските ставки за поддршка на спортот и младите и нивна распределба со вклучување на Сојуз на спортови и граѓански сектор.
- Поддршка на индивидуалните спортови врз база на интернационалните успеси.
- Зголемување на буџетот за спортските клубови во градот – доделување на финансиска помош согласно постигнати резултати врз база на критериуми.
- Дигитализација на услугите на општина Битола.
- Зајакнување на процесот на реформа во јавната администрација.
- Воведување на асистенти во детските градинки согласно Закон за инклузија (имплементација на системско решение или зголемување на надоместокот кој се исплаќа на оние асистенти кои се ангажирани во рамки на проект).
- Воведување на линии од градскиот превоз до повеќе рурални средини (Цапари, Трново, Егри).
- Ставање во функција на туристички инспектор во Општина Битола.
- Зголемување на поддршката за пчеларството и занаетчиите во Општина Битола.
- Санација на пат во село Крстоар (раскопан од страна на ЈП Стрежево по изведување на интервенции на собирен канал).
- Аплицирање на инфраструктурни проекти од поранешна Касарна (АРМ 2) кои имаат подготвена техничка документација во рамките на идните повици на Владата за поддршка на инфраструктура и капитални проекти за развој на општините.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на четвртата форумска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат реализираната форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека четвртата форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4,1 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

**Прилози:**

- Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список,
- Листа на учесници по работни маси,
- Фотографии,
- Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел/а

Ко-модератори:

____________________

____________________